# Ќе се наградуваат најпопуларните на македонската естрада

## ВЕЧЕРВА "ЗЛАТНА БУБА МАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"




*"Ареа" на ланската "Златна буба мара"*

Деветтото издание на манифестацијата "Златна буба мара на популарноста" е вечерва во 20 часот, во Универзалната сала.

Шоуто секоја година го организира скопското радио "Буба мара" и ги наградува најпопуларните на македонската естрада во минатата година.

Годинава, организаторите го најавуваат како "деветти конгрес на забава и дружење на естрадниот еснаф". Од радиото не сакаат да го откријат сценариото, во интерес на што поголема забава и изненадување за публиката. Наградата за животно дело ќе ја добие музичарот на легендарното "Мањифико", Коце Икономов.

Радио "Буба мара" ќе врши директен пренос од настанот. Утревечер, на телевизија "Канал 5", гледачите ќе можат одложно да ја гледаат снимката од 20 часот.

*(М.Ц.)*